**20121192971**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на 147-д став 3 од Законот за странците („Службен весник на Република Македонија“, бр.35/06, 66/07, 117/08, 92/09, 156/10, 158/11 и 84/12), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 18.9.2012 година, донесе

# УРЕДБА ЗА НАЧИНОТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ИНТЕГРИРАНА БАЗА НА ПОДАТОЦИ ЗА СТРАНЦИ, ВКЛУЧУВАЈЌИ ПОДАТОЦИ ЗА АЗИЛ, МИГРАЦИИ И ВИЗИ, КАКО И МЕЃУСЕБНИТЕ ОДНОСИ НА НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ВО ПРОЦЕСОТ НА ОДРЖУВАЊЕ НА БАЗАТА

Член 1

Со оваа уредба се уредува начинот на одржување на Интегрираната база на податоци за странци вклучувајќи податоци за азил, миграции и визи (во натамошниот текст: Базата), како и меѓусебните односи на надлежните органи во процесот на одржување на Базата.

Член 2

Одржувањето на Базата се реализира во три нивоа:
- администраторско одржување,
- одржување на ниво на корисници и
- одржување од страна на надворешни субјекти.

Член 3

Администраторското одржување на Базата се врши од страна на надлежната организациска единица во Министерството за внатрешни работи.

Одржувањето од став 1 на овој член ги опфаќа следните активности:

- администрирање на лицата вработени во надлежните органи на кои им е доделен пристап до Базата ,
- изготвување редовни резервни копии (back up) на Базата,
- преглед на записите за следење на функционалноста за Базата и
- одржување на телекомуникациска опрема и огнените ѕидови на централната локација каде се наоѓа опремата на Базата.

Член 4

Одржувањето на ниво на корисници од член 2 алинеја 2 од оваа уредба се врши од страна на лица определени од страна на надлежните органи.

Одржувањето од став 1 на овој член ги опфаќа следните активности:

- проверка на работењето на лицата вработени во надлежните органи на кои им е доделен пристап до Базата во координација со офицерот за заштита на лични податоци,
- проверка на квалитетот на внесените податоци во координација со офицерот за заштита на лични податоци,
- вршење консултации кога се внесени различни податоци за едно лице меѓу надлежните органи со цел да се утврди вистинитоста и точноста на податоците,
- разрешување на проблемите кои настануваат кога податоците се нецелосни, неточни и неажурирани и
- вршење други работи определени од страна на раководниот работник поврзани со одржување на ниво на корисници.

Член 5

Базата се одржува и од страна на надворешни субјекти, со кои Министерството за внатрешни работи има склучено договор согласно прописите за заштита на личните податоци, кои се грижат за одржување на техничката опрема и софтверските програми на Базата и даваат поддршка во администраторското одржување на Базата како и поддршка на корисниците на Базата (help desk).

Член 6

Вработените од Министерството за труд и социјална политика на кои им е доделен пристап до Базата директно пристапуваат на дел од информацискиот систем на Министерството за внатрешни работи кој го овозможува пристапот до податоците на Базата.

Вработените во Министерството за надворешни работи и Агенцијата за вработување на Република Македонија на кои им е доделен пристап до Базата пристапуваат преку своите информациски системи кои комуницираат со дел од информацискиот систем на Министерството за внатрешни работи кој го овозможува пристапот до податоците од Базата.

Надлежните органи од ставовите 1 и 2 на овој член назначуваат лице кое има за задача да ги координира сите активности за одржување на техничката опрема со која се пристапува до Базата, односно за непречено функционирање на своите информациски системи кои комуницираат со дел од информацискиот систем на Министерството за внатрешни работи, кој го овозможува пристапот до податоците од Базата.

Член 7

Надлежниот орган од членот 6 став 1 од оваа уредба кој директно пристапува на дел од информацискиот систем на Министерството за внатрешни работи кој го овозможува пристапот до податоците на Базата, се грижи за одржување на техничката опрема со која се пристапува до Базата.

Надлежните органи од членот 6 став 2 од ова уредба во процесот на одржување на Базата, кои преку свои информациски системи пристапуваат до дел од информацискиот систем на Министерството за внатрешни работи, кој го овозможува пристапот до податоците од Базата, се грижи за одржување на своите информациски системи.

Надлежните органи од ставовите 1 и 2 на овој член се грижат и за одржување на комуникацијата која го овозможува поврзувањето на информациските системи, како и поединечно се грижат за одржување на механизмот за синхронизација меѓу информациските системи поврзани со Базата.

Член 8

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-6586/1
18 септември 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.